# Изборна програма на ВМРО-ДПМНЕ
# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
# 2013-2017

## ДЕЛ ОД ПРИОРИТЕТИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2013-2017 ГОДИНА

1. Рехабилитација на најоштетениот дел од регионален пат-врска Р-512 Демир Хисар – Света - Бела Црква – Обрешани – Галичани - Прилеп;
2. Реконструкција на водоводна мрежа во село Слепче, Стругово и во село Сопотница;
3. Реконструкција на пумпи и на автоматика во бунарски постројки и препумпна станица во с. Граиште и во с. Мургашево;
4. Изградба на едно повеќе наменско спортско игралиште во ОУ „Гоце Делчев“;
5. Реконструкција на градскиот фудбалскиот стадион
6. Асфалтирање улици во Слоештица, Сопотница, Демир Хисар, Слепче;
7. Решенија за институционална поддршка за ревитализација на системот за наводнување и стопанисување со микроакумулациите Суводол 1 и 2 и Стругово;
8. Поддршка на проекти за подобрување на енергетска ефикасност во училишните згради;
9. Усогласување на Деталниот урбанистички план за град Демир Хисар во согласност со претстојните измени на водостопанската основа на РМ и со потребите на граѓаните и на претпријатијата на општина Демир Хисар; и
10. Поддршка на проекти за стопанска и за културна меѓународна соработка со пограничните општини и интезивирање на соработката со демирхисарските иселеници, нивно анимирање и поврзување со општината.

# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

- Донесување плански документи што ќе овозможат изградба на капацитети и ќе создадат услови за развој на општината и за нови работни места

- Донесување планска документација за туристичко-рекреативен комплекс - манастирски комплекс „Св. Атанасиј“, село Сопотница (викендички)

Рок: декември 2013 година

- Донесување планска документација за манастирски комплекс „Св Илија“, село Големо Илино

Рок: јуни 2013 година

- Поттикнување и поддршка на иницијативата за отворање капацитет за експлоатација мермер кај с. Бабино, а со тоа и создавање можност за отворање нови работни места

- Општината, во рамки на своите законски надлежности, ќе ја поддржи информацијата од Министерство за економија за концесија за отворање капацитет за експлоатација на мермер кај с. Бабино и за создавање можност за отворање нови работни места

Средства: приватни инвеститори
Рок: декември 2013 година

- Ослободување од дел од општинските давачки (такси и надомест) за физичките и за правните лица што ќе основаат фирма на територијата на општината, а чијашто основна дејност ќе биде значајна за економскиот развој и за вработувањето во општината

Рок: континуирано

- Продажба на градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Македонија, на потенцијални инвеститори, во согласност со законот за градежно земјиште со што ќе се овозможи привлекување инвестиции за изградба на производствени капацитети

Рок: континуирано

- Отстапување за користење под поволни услови на постојни капацитети во сопственост на општината на потенцијални инвеститори со цел стимулирање на вработувањето и на економскиот пораст на општината

Рок: континуирано

# ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**Со средства од централната власт континуирано ќе обезбедуваме бесплатни учебници за сите ученици од основно и од средно образование**
Рок: до 1 септември секоја година

**Со средства од централната власт ќе продолжиме со обезбедување бесплатен интернет во сите основни и средни училишта и студентски домови**
Рок: континуирано

**Проект „Општината ги наградува најдобрите“**
Со цел да ги поттикнеме најдобрите просветни работници, ученици и средношколци, општинската администрација, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, во согласност со капацитетите и со можностите на единиците на локалната самоуправа, во соработка со

приватниот сектор и со странски донатори, ќе обезбедува средства за наградување на најдобрите просветни работници, ученици и средношколци. Со овој проект ќе го поттикнеме засилувањето на свеста кај граѓаните на локално ниво за значењето на образованието.

Рок: континуирано

**Во насока на обезбедување квалитетна практична настава и поттикнување на претприемачкиот дух и конкуренција, која создава нов квалитет, со средства од централната власт, ќе продолжиме со опремување на училиштата и на училишните кабинети во сите училишта**

Рок: континуирано

**Материјална поддршка на унапредувањето на наставниот процес со современи наставни средства, квалитетна реализација на вонаставните активности и превентивни здравствени и воспитни програми – здраво училиште, училиште без насилства...**

Рок: континуирано

**Подобрување на просторните услови во средното и во основните училишта со инвестиции во нови средства за набавка на нови нагледни средства, поголема грижа за заедничкиот имот со средства обезбедени од општината и од донации**

Рок: континуирано

**Поактивна вклученост на родителите во родителските совети и во другите органи на училиштата**

Засилување на капацитетите на советот на родители во училиштата преку континуирана обука на членовите на советот за нивните надлежности.

Рок:септември 2013 година

**Отворање подрачни училишта во Белче и во Загориче**

Рок: септември 2013 година

**Иницирање и стимулирање проекти за обука и за преквалификација во креативните професии и занаети**

Во соработка со АВРМ, приватниот сектор и во зависност од побарувачката на пазарот на труд, спроведување разни обуки за доквалификација и за преквалификација на невработени лица. Исто така, реализација на повеќе проекти во соработка со занаетчиската комора.

Рок: континуирано

**Поправка на постојните спортски терени и поставување нова опрема**

Поставување спортски реквизити во Вардино, Света, Единаковци и осветлување на фудбалските игралишта во населено место Вардино, Света, Единаковци, Сопотница, Жван.

**Средства:** донатори, приватен сектор

Рок: септември 2014 година

**Институционална, техничка и финансиска поддршка на проекти за учество на меѓуопштински, регионални, републички и меѓународни натпревари**

Поддршка на регистрираните спортски клубови на територија на Демир Хисар и натпреварите во рамките на Федерацијата на училиштен спорт, поддршка и развој на

спортските здруженија во кои членуваат деца и ученици со средства од општината и донации од приватниот сектор.

Рок: континуирано

**Поддршка на проекти за подобрување на енергетска ефикасност во училишните згради**

Рок: континуирано

# СПОРТ И МЛАДИ

**Изградба на едно повеќенаменско спортско игралиште во ОУ „Гоце Делчев“, во соработка со Владата на Република Македонија и со Агенцијата за млади и спорт**

За развој на масовниот спорт и на спортот за сите, најдобар начин да се создадат услови е преку изградбата на повеќенаменски игралишта. Повеќенаменските игралишта ќе им бидат ставени на располагање на сите граѓани за спортување, рекреирање и за натпреварување. Игралиштата ќе можат да се користат деноноќно и ќе бидат место за собирање и за дружење на младите генерации, како и основа за создавање здрава младина и одлична превентива од пороците на модерното живеење

Рок: септември 2014 година

**Реконструкција на градскиот фудбалски стадион**

Општината, во соработка со Агенцијата за млади и спорт, ќе преземе мерки за урбанизирање на земјиштето и за реконструкција на градскиот фудбалски стадион.

Рок: 2013-2014 година

# ИНФОРМАТИЧКИ РАЗВОЈ

**Отворање бесплатен интернет-клуб**

Со цел стимулирање на навлегувањето на интернетот во општината и овозможување пристап до дигиталната технологија на граѓани што немаат услови за тоа во своите домови.

Рок: 2014 година

# УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Усогласување на Деталниот урбанистички план за град Демир Хисар, во согласност со претстојните измени на водостопанската основа на РМ и со потребите на граѓаните и на претпријатијата на општина Демир Хисар**

Рок: декември 2014 година

**Дополнително намалување на надоместот за уредување градежно земјиште (комуналии) за изградба на објекти што се во функција на економскиот развој на општината, а за изградба на производствени капацитет Општината ќе ги намали општинските давачки за сите потенцијални инвеститори**

Рок: континуирано

# КОМУНАЛНИ РАБОТИ

**Довршување на реконструкцијата на дел од водоводната мрежа во Демир Хисар**
Со проектот ќе се реконструира водоводна мрежа во Демир Хисар со должина од 3.490,00 м. Со проектот се предвидени соодветен број контролни шахти со различна големина, димензии и елементи и тоа во зависност од големината на приклучните водоводни линии и спојните елементи, надземни противпожарни хидранти, како и воздушен и испустен вентил. Ќе бидат изведени околу 150 (сто и педесет) домашни приклучоци. Средствата се обезбедени преку кредит од меѓународни финансиски институции во форма на грант од Владата на Република Македонија за Општината.

Рок: јуни 2013 година

**Реконструкција на пумпи и на автоматика во бунарски постројки и во препумпна станица во с. Граиште и во с.Мургашево**
Рок: декември 2014 година

**Реконструкција на водоводна мрежа во село Слепче**
Рок: декември 2014 година

**Реконструкција на водоводна мрежа во село Стругово**
Рок: декември 2014 година

**Реконструкција на водоводна мрежа во село Сопотница**
Рок: декември 2014 година

**Изградба на канализациска мрежа во село Единаковци**
Рок: декември 2015 година

**Изградба на фекална канализација во село Белче**
Рок: 2016 година

**Санирање на резервоарот на водоводот во с. Вардино**
Рок: јуни 2013 година

**Санирање на резервоарот за вода во с. Базерник**
Рок: јуни 2013 година

**Поврзување на селскиот водовод со извор што се наоѓа на другата страна од реката во с. Света**
Рок: декември 2014 година

**Поставување хлоринаторни станици во сите селски водоводни системи**
Рок: континуирано

**Доизградба на канализациска мрежа во с. Сопотница и оспособување на прочистителната станица**
Рок: 2016 година

**Изградба на каналски или цевководен систем за атмосферски води во Мургашево (ул. „11 Октомври“)**

Рок: 2016 година

**Организирано подигање и исфрлање на депонија домашен смет и смет од дворовите во Суводол, Кутретино и во Слепче**
Рок: декември 2013 година

# ЗЕМЈОДЕЛСТВО

**Изградба на полски патчиња на територијата на општината**
Со реализација на овој проект треба да се олесни пристапот на земјоделците до обработливите површини, како и изградба на патчиња во населените места од општината за подобрување на условите за живот

Рок: континуирано

**Објавување локации за изградба на откупно-дистрибутивни центри за земјоделски производи со што треба да се подобри пласманот на земјоделските производи во општината и да се овозможи поквалитетна понуда за потрошувачите**
Рок: континуирано

**Поддршка за формирање земјоделски задруги заради подобрување на статусот на ситните земјоделци на пазарот и подобрување на пласманот на нивните производи во насока на обезбедување основни услови за работа и за функционирање (простории, помош за патувања и др.)**
Рок: континуирано

**Промоција и популаризација на развојот на органско производство, сточарство, берење и третман на самоникнати растенија, рурален туризам, како и искористување на средствата од програмите за поддршка и од ИПАРД, преку советувања од претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и од Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и од други стручњаци**
Рок: континуирано

**Општината особено ќе ги поддржува иницијативите за почнување нов сточарски бизнис, особено во делот на говедарството, овчарството и на козарството**
**Опис:** Логистичка поддршка во изработка на документација, обуки и сл.

Рок: континуирано

**Решенија за институционална поддршка за ревитализација на системот за наводнување и за стопанисување со микроакумулациите Суводол 1 и 2 и Стругово**
Поддршка на определување на правен субјект што ќе стопанисува со микро-акумулациите.

Рок: декември 2014 година

**Изградбата на каналскиот систем за наводнување во с. Прибилци**
Рок: декември 2014 година

**Уредување постоен јаз за наводнување од Црна Река до Доленци**
Рок: мај 2014 година

**Уредување постоен јаз за наводнување од Црна Река во с.Жван**
Рок: декември 2014 година

# КУЛТУРА

**Илуминација на фасадата на Домот на културата, како најатрактивен објект во центарот на градот**
Рок: декември 2015 година

**Преуредување на просторот околу зградата на Домот на културата, како алтернативна локација на која во текот на пролетните и на летните месеци ќе се одржуваат квалитетни културни и забавни содржини за граѓаните**
Рок: мај 2015 година

**Доприспособување на Народна библиотека „Петре М. Андреевски“ со намена на градска читалница**
Рок: мај 2014 година

**Институционална и финансиска поддршка на идеи, иницијативи и на проекти за Демир Хисар да биде домаќин на повеќе културни манифестации, научни собири**
Рок: континуирано

**Финансиска поддршка на проекти на невладиниот сектор за поттикнување на творештвото и за негување на културното и на историското наследство**
Рок: континуирано

**МАКЕДОНСКА МИЈАЧКО–БРСЈАЧКА ЕНКЛАВА – повеќемедиумски (научни, културни, забавни и рекреативни) средби**
Рок: континуирано

**Институционална поддршка во рамки на надлежностите на општината за изградба на соборниот храм „Св. Кирил и Методиј“**
Рок: континуирано

**Промоција на заштитата и на одржувањето на спомениците на културата**
Рок: континуирано

**Организација на квалитетни културни содржини во манастирските комплекси „Св. Јован Претеча“ и „Св. Атанасиј“**
Рок: континуирано

**Поддршка на иницијативи за обновување и за заедничко одбележување на традиционалните и на верските обичаи и празници**

**Подигнување на културно-уметничкиот живот во општината**

**Поддршка на иницијативи за дисперзија на етаблирани национални или регионални културни манифестации и гостувања на еминентни уметници и уметнички ансамбли од сите културни сфери**.
Рок: континуирано

**Поставување споменик на Даме Груев и на Јордан Пиперката во централното градско подрачје, како и бисти на заслужни, истакнати современици со демирхисарско потекло (Петре М. Андреевски и др.). Спомениците се планира да се реализираат по пат на донации**
Рок: 2014 година и 2015 година

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Интезивирање на соработката со демирхисарските иселеници, нивно анимирање и поврзување со општината**
Рок: континуирано

**Поддршка за конкурирање со проекти за искористување на фондовите на ЕУ**
Рок: континуирано

**Поддршка на проекти за стопанска и за културна меѓународна соработка со пограничните општини**
Рок: континуирано

# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**Пристапни рампи – право на секое лице со инвалидност**
Лицата со инвалидност имаат основно загарантирано право на физички пристап до јавните институциите на локално ниво, детските градинки, училиштата, здравствените установи и до другите институции што им се неопходни за отстранување на социјалните пречки и за целосен независен и интегриран живот во заедницата.

Со изградба на пристапните рампи се премостува хендикепот и се овозможува достапна средина за лицата со посебни потреби во сите сфери на општественото живеење. Задоволувањето на основните човекови потреби е право на лицата со спреченост за кое се залага политиката на ВМРО-ДПМНЕ и хумана обврска на секој граѓанин во општеството во целина.

ВМРО-ДПМНЕ и понатаму продолжува да ја унапредува положбата на лицата со инвалидност како наши сограѓани на кои им е неопходна помош и поддршка. ВМРО-ДПМНЕ е тука за сите.

Рок: септември 2013 година

**Бесплатен превоз за лицата со инвалидност како рамноправни граѓани во локалната заедница**
Бесплатниот превоз е само чекор напред во остварувањето на политиката на ВМРО-ДПМНЕ во осамостојувањето на лицата со спреченост за беспрекорно функционирање во социјалната средина. Со користење на јавниот превоз се зголемува мобилноста на лицата со инвалидност како рамноправни граѓани, а придобивки има целото општество. Бесплатниот превоз подразбира активирање на лицата со спреченост и искористување на нивниот потенцијал во целост. Локалната самоуправа ја има клучната улога за да им обезбеди на своите граѓани пристојно живеење, кое подразбира слободно и непречено движење при задоволување на основните човекови потреби.

Рок: континуирано

**Советодавен телефонски центар за помош при вработување**
Вработувањето претставува важна улога во животот на секој поединец, кое овозможува социјално вклучување во општествено-економските текови. Локалната самоуправа е целосно одговорна да ги промовира еднаквите можности на ранливите групи на пазарот на трудот и да обезбеди социјална сигурност на своите граѓани. Политиката на ВМРО-ДПМНЕ е стимулирање на деловната заедница за отворање нови работни места, поттик за вработување, како и советување за граѓаните како полесно да се најдат на пазарот на

труд преку конкурирање за одредени работни места и здобивање вештини за надминување на пречките во општествено-економската средина.

Општествената одговорност на сите нас е квалитетно и посветено да работиме на унапредување на положба на ранливите групи, меѓу кои: невработени лица, деца без родители, самохрани родители, постари лица од 55-62 години, професионални војници, жртви на семејно насилство и лица со инвалидност, како и спречување на ризиците од нивно маргинализирање. Вработувањето е право на секој граѓанин на оваа држава.

Рок: мај 2014 година

### Благосостојба за сите граѓани – тоа е наша обврска, а ваше право

Локалната самоуправа има важна улога да им ги доближи на граѓаните институциите на системот за заштита и мерките што ги нуди државата за нивно вработување. Општинската администрација преку трибини, лични средби и посети во домовите на граѓаните ќе го подигнува нивниот дух да конкурираат за вработување преку активната политика за вработување. Локалната самоуправа е врската меѓу граѓаните и јавните институции за остварување на нивните права.

### Поддршка за функционирање дневен центар за лица со интелектуална спреченост, со поддршка од Владата на Република Македонија

Ќе овозможиме соодветна грижа и заштита за лицата со интелектуална спреченост повозрасни од 18 години, на кои им е потребна поддршка од посебен тим од стручни лица за развивање на нивните способности и вештини за секојдневно функционирање.

Рок: декември 2013 година

### Отворање пензионерски клуб

Место за рекреација и за дружење на сите пензионирани лица од територијата на општината.

Рок: декември 2013 година

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Основен приоритет ќе биде подигнување на квалитетот на здравствените услуги на сите нивоа на здравствена заштита.
За постигнување на оваа цел, ќе инвестираме во модернизација на инфраструктурата преку реализација на проекти за реконструкција, доградба и за приспособување на јавните здравствени установи.
Наша трајна определба е секој граѓанин да добие квалитетна здравствена заштита.

### Проект за замена на старите прозорци со нови ПВЦ прозорци во Здравствен дом „Демир Хисар“

Рок: декември 2013 година

### Проект за реконструкција на покривната конструкција, поправки и замена на покривот од азбестни табли во Здравствен дом „Демир Хисар“

Рок: декември 2014 година

## ТРАНСПОРТ

### Рехабилитација на најоштетениот дел од регионален пат Р-512 Демир Хисар – Света - Бела Црква – Обрешани – Галичани - Прилеп

Рок: 2013-2014 година

**Проект за реконструкција на локален пат с. Суводол – манастир „Пресвета Богородица“**

Со поддршка од Владата на Република Македонија, ќе се изврши реконструкција на локален пат с. Суводол – манастир „Пресвета Богородица“, во должина од 2.420 м, со вредност од 15,9 милиони денари.

Рок: јуни 2013 година

**Проект за реконструкција на локален пат од спој со Р-416 – с. Радово – манастир „Св. Атанас“**

Со поддршка од Владата на Република Македонија ќе се изврши реконструкција на локален пат од спој со Р-416 – с. Радово – манастир „Св. Атанас“, во должина од 2.000 метри, со вредност од 11,1 милиони денари.

Рок: септември 2013 година

**Проект за реконструкција на локален пат с. Стругово – с. Загориче**

Со поддршка од Владата на Република Македонија, ќе се изврши реконструкција на локален пат с. Стругово – с. Загориче, во должина од 1.586 метри, со вредност од 7,5 милиони денари.

Рок: јуни 2013 година

**Проект за реконструкција на локален пат за с. Брезово**

Со поддршка од Владата на Република Македонија ќе се изврши реконструкција на локален пат за с. Брезово, во должина од 2.100 метри, со вредност од 7,9 милиони денари.

Рок: декември 2014 година

**Асфалтирање на улици во Слоештица во должина од еден километар**

Рок: декември 2014 година

**Асфалтирање улици во Сопотница во должина од еден километар**

Рок: декември 2015 година

**Асфалтирање улици во Демир Хисар, Смилево, Света, Слепче - 1,5 км**

Рок: декември 2016 година

**Исцртување хоризонтална сообраќајна сигнализација на поважните и пофреквентни крстосници во Демир Хисар**

Рок: континуирано

**Поставување соодветна вертикална сообраќајна сигнализација (знаци) на сите улици во градот и на локалната патна мрежа**

Рок: континуирано

**Поставување заштитни метални огради на тротоарите кај ООУ „Гоце Делчев“**

Рок: септември 2014 година

**Уредување на просторот, јужно од станбената зграда на улица „М. Тито“ во паркинг-простор**

Рок: октомври 2014 година